


70 ГОДИНИ МНТ
МУЗЕЈ НА МНТ - УМЕТНИЧКА ЗБИРКА

ИЗЛОЖБА 03.04 - 20.06.2015 | МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

МУЗЕЈОТ НА МНТ:
КЛИК МУЗЕЈ / CLICK MUSEUM

Музејот на МНТ е запишан во Централниот регистар на Република Македонија на 17 мај 2014 година и засега е „најмлад“ македонски музеј. Неговото организационо, просторно, програмско, технолошко и кадровско формативање е во тек. Реализацијата на неговиот хибриден концепт – комбинација од аналогниот (конвенционален) и виртуелниот (дигитален) модел на експонирање ама и на чување/организирање на музејската граѓа, кој го нарековме КЛИК МУЗЕЈ / Click Museum односно КЛИК ТЕАТАР / Click Theatre – условена е, најмногу, од сериозна поддршка на најсовремената ИКТ-технологија. Проценуваме дека за комплетната реализација на проектот, кој подразбира и соодветна дигитализација на севкупната македонска театрографска граѓа, може да биде завршен во наредниве четири години.

Проектот е реализиран со финансиска поддршка од Министерството за култура на Република Македонија

Министерство за култура
на Република Македонија

Изложбата „70 години МНТ“ е еден од првите проекти кои Музејот ги реализира во сопствениот дом - Македонскиот народен театар. Проценивме дека е најсоодветно таа да ја претстави само уметничката збирка, можеби најатрактивна /најпопуларна од десетина музејски збирки во кои постапно ги систематизираме повеќе од 15.000 предмети и документи, откупени или донирани.

Откупот на уметничките дела го спроведоа Министерството за култура и Владата на Република Македонија, за да ги доверат на Музејот на МНТ.



Портрет на Тодор Николовски (1986) бронза, 48x40x35, автор: Илија Ациевски





А. Корнејчук, „Платон Кречет“, режија Димитар Ѓостаров, премиера 03.04.1945 г., продукција на МНТ

ПОЧИТ КОН „ПЛАТОНОВЦИТЕ“

3 април 1945 година бил вторник, ден во неделата за кој протагонистот од една македонска драма од седумдесеттите години вели, кој знае зошто, дека би било најдобро да се избрише од календарот. Драмските лица и нивните автори, многупати налудничави и/или суеверни, милуваат да си поигруваат со парадоксите.

Во вистинскиот свет и во секојдневниот живот, вторник е ден како и секој друг ден. Ама, во историјата на македонскиот театар и во културната историја на Македонија, првиот априлски вторник од пред седумдесет години е датум за паметење. Таа вторнична вечер, на сцената на таканаречениот Стар театар, едно нестварно младо и неверојатно убаво девојче по име Вера Вучкова, задушувајќи се од тремата што не се опишува, сепак успеала гласно и јасно да ја изговори симболичката реплика *„Колку е блиску Сонцето“*. Така започнала првата претстава на штотуку формираниот драмски ансамбл на Македонскиот народен театар, предводен од режисерот Димитар Ѓостаров. Времињата биле такви што, како предлошка за инсценацијата, ансамблот, најверојатно, не можел да ја избегне сосема ординарната пиеса „Платон Кречет“ чијшто автор, советскиот писател Александар Корнејчук, во меѓувреме исчезнал во театрографските фусноти, оние најситните. Сосе својот драмски текст кој – парадоксално ама вистинито — нам ни станал преважен само заради податокот дека на македонски го превел Блаже Конески, тогашниот драматург и лектор на МНТ.

Приказната за „Платон Кречет“, која во меѓувреме прераснала во автентична скопска и македонска легенда, вклучува уште еден интимен и малкуцка

сентиментален факт, забележен во театарските записи на Илија Милчин, доајенот на МНТ, актер кој во далечната историска вечер ја толкувал насловната ролја. „Нè викаа **Платоновци**“ — забележува Милчин на повеќе места.

Седумдесет години се мерка на речиси цел човечки век. Ама националните институции се проекти што се обмислуваат, создаваат и развиваат по инаков терк. Тие се градат за да бидат вековити, да ги надживуваат генерациите и да го чуваат не само културалното паметење, туку и самиот идентитет на нацијата.

Во текот на изминативе седумдесет години, култната реплика *„Колку е блиску Сонцето“* поминувала низ секакви ресемнатизации и контекстуализации. Како ни звучи таа денес, од сегашнава (безбедна?) историска дистанца? Поблиску ли сме или можеби подалеку од Сонцето отколку оние дваесет и шест фантасти од иницијалниот драмски ансамбл на МНТ, кои тој далечен вторник, 3 април 1945 година, го започнале долгото македонско театарско патување низ институциите? Нив, доживотно, ги викале **Платоновци**. Минатата 2014 година заминаа и последниве две дами од нивниот -вездeн состав: Мери Бошкова и Вера Вучкова.

Музејот на Македонскиот народен театар оваа изложба им ја посветува на „Платоновците“, продолжувајќи да го истражува, документира, толкува, коментира и валоризира нивниот историски влог во нашава култура и уметност:

ДИМИТАР ЃОСТАРОВ, БЛАЖЕ КОНЕСКИ, ТОМА ВЛАДИМИРСКИ, ИЛИЈА МИЛЧИН, ИЛИЈА ЏУВАЛЕКОВСКИ, МИЛЕНА ГОДИНА, КРУМ СТОЈАНОВ, БЛАГОЈ ЦРВЕНКОВ, ВЕРА ВУЧКОВА, ДОБРИЛА ПУЦКОВА, ТОДОР НИКОЛОВСКИ, ПЕТРЕ ПРЛИЧКО, ТОДОРКА КОНДОВА, МАРИЈА ТОМОВСКА, ДРАГА АРСЕНСКА, МЕРИ БОШКОВА, СЛАВИЦА ТОДОРОВСКА, ОЛИВЕРА ФИЛИПОВА, ТРАЈКО ЧОРЕВСКИ, ЛЕНА ТЕШАНОВА, ДЕСА ПРЛИЧКОВА, ВЛАДО ГАШЕВСКИ, МИРКО СТЕФАНОВСКИ, АЛЕКСАНДАР МАРКУС, ТОМА КИРОВ, ДИМЧЕ ТРАЈКОВСКИ.



40 години МНТ, дел од ансамблот на „Платон Кречет“, 03.04.1985 г.



„Стар театар 1“ (недатирано), масло на платно, 69x48, автор: Бранко Костовски

МУЗЕЈОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР

Седумнаесеттиот на списокот на македонските музеи, кој е формално внесен на 17 мај 2014 година, Музејот на МНТ е најмладата музејска институција во Македонија. Согласно со проектната програма, врз основа на која стана дел од програмата на Владата на Република Македонија и ја доби поддршката на Министерството за култура, Музејот на МНТ ќе се развива низ четири фази и целосно ќе биде завршен до 31 декември 2018 година.

Музејот функционира во рамките на НУ МНТ, како нејзин интегративен дел. Основната задача на неговиот иницијален тим е собирање на примарната и на секундарната театрографска граѓа, која систематски се дигитализира и организира во профилирани збирки.

Една од најатрактивните е токму **Уметничката збирка**, која постојано се збогатува и дополнува а во мигот вклучува повеќе од сто оригинални уметнички дела (слики, цртежи, карикатури, скулптури, макети), повеќе од 1.000 оригинални сценографски и костимографски скици, над 8.000 фотонегативи, приближно 3.000 оригинални фотографии (но и 25.000 дигитализирани во базата на податоци)... **Уметничката збирка** вклучува и голем број предмети и артефакти од применета уметност (15 парчиња релевантен/оригинален сценски мебел, над 50 оригинални костими, околу 250 плакати, стотици програмки, извесен број стари разгледници...), како и повеќе од 600 лични предмети на истакнати македонски актери, режисери, драматичари, сценографи, танчери, пејачи...

Во изминативе две години, Музејот на МНТ има собрано, евидентирано и дигитализирано над 15.000 предмети и документи. Во ноември 2014 година, врз основа на спогодбата со Факултетот за драмски уметности, Музејот ја презеде и граѓата на Институтот за театрологија како и театролошката база на податоци, која функционира од 2002 година и допрва треба да се надоградува.

*

Музејот на МНТ е конципиран како еминентно постмодерен музеј чија стална поставка ќе биде обмислена како исклучително динамична, интерактивна комбинација од „реални“ музејски предмети, артефакти и документи, но и од 7-10-15-30 пати поголемо количество дигитални презентации низ кои „приказните“ (наративите) за македонското театарско минато ќе функционираат како голема мултимедијална презентација со практично неограничени можности за пребарување и истражување. Работен наслов на овој темелен музејски сегмент е „Клик театар“ (***Click Theatre***).



Портрет на Ловро фон Матачиќ (1990), масло на платно, 111,5x74, автор: Родољуб Анастасов

Музејот на МНТ ќе ја следи стратегијата на најуспешните постмодерни музеи, кои сè поинтензивно (и порадикално) ја користат софистицираната ИКТ-технологија која, освен што ја поттикнува и ја овозможува спектакуларизацијата на музејските поставки, нуди и речиси несогледливи можности за нивното перманентно збогатување, комбинирање и интерактивно користење. Музеите, денес, забрзано стануваат **поинакви:** поинтерактивни и „поинтригантни“, подиректни во комуникацијата со посетителите, исклучително динамични места пред кои се стои и чека во долги редици. Не само за да се видат и да се допрат содржините што досега најчесто се гледале само од конвенционалната „витринска“ дистанца, туку и од само еден агол (***point of view***).

Музејот на МНТ ќе ја споделува стратегијата на оние рецентни музејски поставки кои сопствените експозиции ги обмислуваат на начин кој априорно ја „скратува“ дистанцата помеѓу изложениот предмет и неговиот реципиент. Интерактивноста овозможува директен контакт со секој музејски предмет (поглед/увид „од сите страни“), поттикнуван од редици дигитални презентации (во нашата терминологија: „мали наративи“) сврзани со неговото потекло, историја, функција, значење... Постмодерните музеи го афирмираат трендот на „неконвенционалноста“, поточно — на таканаречениот персонален/индивидуален пристап кон посетителите од сите целни групи кои, движејќи се низ музејските поставки, континуирано се поттикнувани/провоцирани самостојно да ги откриваат и доистражуваат нивните „дополнителни содржини“ и „скриени значења“. Интерактивниот пристап до експонатите и — особено —дигитални-



Портрет на Ана Липша-Тофовиќ (1974), масло и темпера на панел, 221x92, автор: Димитар Кондовски



те презентации кои достапните информации можат да ги мултиплицираат речиси до пароксизам, кај посетителите го поттикнуваат љубопитство. Можноста самостојно да се избира посакуваниот степен на информираноста за секој експонат е предизвик каков што конвенционалните музеи не можат да понудат. Ама дигитализираните можат дури отаде!

Се разбира, ние сме свесни дека ниту најспектакуларниот, технолошки најсофистицираниот музеј не може (сè уште?) да се натпреварува со сензационалноста со која се поигруваат, да речеме, филмовите од хит-серијалот на Шон Леви „Ноќ во музејот“ („Night at the Museum“, I-III, 2006-2014), ама фактот дека музеологијата соптвената технологија и методологија забрзано ја „прилагодува“ кон современите ИКТ-технологии веќе никој не го оспорува. Накратко: од елитни/ексклузивни места за упатените, музеите се повеќе стануваат места на масовна/популарна култура.

Конвенционалните театарски музеи, вклучувајќи ги и најпознатите/најелитните (оние на миланската „Скала“, московскиот МХАТ, театарскиот оддел на лондонскиот „Алберт и Викторија“...), постапно започнуваат да ги користат можностите што ги дава софистицираната ИКТ-технологија. Го прават тоа мошне внимателно и, барем според мојот увид прилично селективно. Нашиот музеј — можеби и затоа што не наследува каква било музеолошка традиција од областа на театарот! — во својата авантура тргнува слободно и храбро, решен да се потпира токму на технологијата на нашето време.

Јелена Лужина




Танцовата легенда Катка Пенушлиска-Митревска (1962), мермер, 16x33,5x9, автор: акад. Димо Тодоровски

Портрет на Димитар Митрев (2002), бронза, 43x24x32, автор: акад. Томе Серафимовски



Портрет на Блаже Конески (1988), масло на платно, 64x53, автор: Коле Манев





Авторска евокација на „Сомнително лице“, антологиската претстава на МНТ на која Василие Поповиќ - Цицо е сценограф, костимограф и карикатурист, режија Димитар Ќостаров, 1945, МНТ



Портрет на Кирил Ќортошев (1959),
масло на платно, 120x65,
автор: Димитар Кондовски



КАТАЛОГИЗАЦИЈА

УМЕТНИЧКИ ДЕЛА

1. Директорски стол од стариот МНТ користена од 1927 до 1977 година, кога Димитар Ќостаров ја пренесува на Факултетот за драмски уметности, каде што станува професор.

БИСТИ

2. Портрет на Вукан Диневски (1985), гипс, 40x35x30, автор и сопственост: акад. Томе Серафимовски, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
3. Портрет на Петре Прличко (недатирано), бронза, 41x28x62, автор: акад. Томе Серафимовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, подарок од Томе Серафимовски;
4. Портрет на Ана Липша-Тофовиќ (1970), 55x90x32, автор: Димо Тодоровски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
5. Портрет на Тодор Николовски (1986) бронза, 48x40x35, автор и сопственик: Илија Ациевски, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
6. Портрет на Петре Прличко (1984), бронза, 50x47x30, автор и сопственик: Илија Ациевски, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
7. Портрет на Горан Стефановски (1986), бронза, 50x30x60, автор и сопственик: Илија Ациевски, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
8. Портрет на Љубиша Георгиевски (2013), бронза, 28x45x23, автор: Синиша Новески, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Љубиша Георгиевски;
9. Портрет на Димче Трајковски (недатирано), бронза, 24x57x34, автор: Илија Ациевски, сопственост: Драмски театар, Скопје, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
10. Портрет на Димитар Митрев (2002), бронза, 43x24x32, автор: акад. Томе Серафимовски, сопственост: Друштвото на писатели на Македонија, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
11. Портрет на Живко Чинго (недатирано), бронза, 37x26x51, автор: акад. Боро Митриќески, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Весела Чинговска.

УМЕТНИЧКИ СЛИКИ

12. „Стар театар 1“ (недатирано), масло на платно, 69x48, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Зоран Костовски;
13. „Стар театар 2“ (1963), масло на платно, 70x50, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Зоран Костовски;
14. „Стар театар“(недатирано), масло на платно, 59x44, автор: Томо Владимирски, сопственост: Марина Владимирска, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
15. Портрет на Петре Богданов-Кочко (2006), масло на платно, 100x80, автор: Ставре Димитров-Стадим, сопственост: Сојузот на композитори на Македонија, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
16. Портрет на Тодор Скаловски (1999), туш, 34x41, автор: Павле Кузмановски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Павле Кузмановски;
17. Портрет на Тодор Скаловски (1999), молив, 34x49, автор: Павле Кузмановски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Павле Кузмановски;
18. Портрет на Тодор Скаловски (1999), молив во боја, 34x50, автор: Павле Кузмановски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Павле Кузмановски;
19. Портрет на Тодор Скаловски (1999), молив во боја, 32x48, автор: Павле Кузмановски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Павле Кузмановски;
20. Портрет на Блаже Конески (1988), масло на платно, 64x53, автор: Коле Манев, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Васе Урдин;
21. Портрет на Томе Арсовски (недатирано), масло на платно, 64x45.5, автор: Коле Манев, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Тамара Арсовска;
22. Портрет на Ловро фон Матачиќ (1990), масло на платно, 111,5x74, автор: Родољуб Анастасов, сопственост: Македонска филхармонија, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
23. Портрет на Павлина Апостолова (1969), масло на платно, 98,5x78,5, автор: Димитар Кондовски, сопственост: Павлина Апостолова, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
24. Портрет на Никола Мартиновски, (1958), акварел, 40,5x57,5, автор: Миле Корубин, сопственост: Рубенс Корубин, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
25. Портрет на Георги Божиков, (недатирано), масло на платно, 49x63,5, автор: Миле Корубин, сопственик: Рубенс Корубин, откуп (постапката е во тек);

26. Штафелај на Миле Корубин, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Рубенс Корубин;
27. Портрет на Ѓеорги Божиков (1978), гипс, 45x56x28, автор и сопственост: Илија Аџиевски, отстапено за изложување во Театарски музеј на МНТ;
28. Танцовата легенда Натка Пенушлиска-Митревска (1962), мермер, 16x33,5x9, автор: акад. Димо Тодоровски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Натка Пенушлиска-Митревска;
29. Фигура на Венко Марковски (1980), бронза, 40x20x14, автор и сопственост: Илија Аџиевски, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
30. Портрет на Кирил Ќортошев (1959), масло на платно, 120x65, автор: Димитар Кондовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Хилдегард Кондовска;
31. Портрет на Ристо Шишков (недатирано), масло на платно, 45x37, автор: Коле Манев, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Благој Механџиски;
32. Портрет на Илија Џувалековски (1975), молив во боја, 39x31, автор: Димитар Кондовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Хилдегард Кондовска;
33. Портрет на Василие Поповиќ - Цицо (1950), масло на платно, 98,5x78,5, автор: Димитар Кондовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Хилдегард Кондовска;
34. Портрет на Димче Трајковски (недатирано), молив на хартија, 39x37, автор: Димитар Кондовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Хилдегард Кондовска;
35. Портрет на Предраг Дишљенковиќ (недатирано), пастел, 41x29, автор: Димитар Кондовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Хилдегард Кондовска;
36. Портрет на Коле Чашуле (1978), пастел, 48,5x68, автор: Глигор Чемерски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Јелена Лужина;
37. Скици за портрет на Дарко Дамески (1984), скица, молив на картон, 100x69, автор: Ѓорѓи Даневски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Васе Урдин;
38. Портрет на Тодор Николовски (1988), масло на платно, 54x43, автор: Коле Манев, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Васе Урдин;
39. Портрет на Петре Прличко (1988), масло на платно, 54x45, автор: Коле Манев, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Васе Урдин;
40. Портрет на Петре Прличко (1956), масло на платно, 98,5x78,5, автор: Димитар Кондовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Нада Прличкова;

Скица за костимот на Петре Прличко во улогата на Швејк во „Швејк од Втората светска војна“ (1963), костимограф: Рада Петрова - Малкиќ





Костимот на актерката Мери Бошкова, во улогата на Живка во „Госпоѓа министерка“ (1983), автор: Рада Петрова-Малкиќ

41. Награда на Петре Прличко за животно дело *Славица* од Фестивалот „Филмски сусрети“ - Ниш, (1991), сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Нада Прличкова;
42. Награда на Петре Прличко од „Вечер“ за најпопуларно ТВ-лице, (1977), сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Нада Прличкова;
43. Награда „Вук Караџиќ“ на Петре Прличко, (недатирано), сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Нада Прличкова;
44. Награда *Бранко Гавела* на Петре Прличко, Народно позориште
45. Награда за животно дело - 1988 г. на Петре Прличко, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Нада Прличкова;
46. Награда за животно дело на Петре Прличко, Стериино Позорје, недатирано, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Нада Прличкова;
47. Портрет на Ана Липша-Тофовиќ (1974), масло и темпера на панел, 221x92, автор: Димитар Кондовски, сопственик: Стеван П. Тофовиќ, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
48. Портрет на Зина Креља (недатирано), масло на платно, 37x47, автор: Дамир Смердел, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од проф. д-р Љубинка Басотова;
49. Макета за сценографијата за драмата „Вител“ (1967), режија: Бранко Ставрев; сценограф: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
50. Макета за сценографија за драмата „Антигона“ (1967), режија: Илија Милчин; сценограф и костимограф: Мариос Ангелопулос, макета на Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ.

СЦЕНОГРАФСКИ СКИЦИ – БАЛЕТ И ОПЕРА

51. Сценографски скици на Бранко Костовски и костимографски скици на Рада Петрова-Малкиќ за драмата „Македонска крвава свадба“ (1965), темпера на картон, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
52. Сценографска скица за драмата „Волци и овци“ (1950, МНТ), автор: Томо Владимирски; сценографска скица за драмата „Шума“ (1959, МНТ), автор: Томо Владимирски; сценографска скица за драмата „Парадоксот на Диоген“ (1961, МНТ), автор: Василие Поповиќ - Цицо; сценографска скица за драмата „Бања“ (1968, МНТ), автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
53. Костимографски скици на Василие Поповиќ - Цицо за операта „Травијата“ (1948), сопственост: Театарски музеј на МНТ;



Скица за костимот на Тодор Николовски во улога на Михаил Борисович Лињаев во „Волци и овци“ (1950), автор: Василие Поповиќ - Цицо

54. Сценографски скица на Томо Владимирски за драмите „Манде“ (1954), „На дното“ (1954) и „Сид“ (1962) и оперите „Фиделио“ (1961) и „Трубадур“ (1951);
55. Скица за операта „Палјачи“ (1978), темпера на картон, 80x64, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
56. Скица за балетот „Бахчисарајска фонтана“ (1981), темпера на картон, 70x50, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
57. Скица за операта „Кузман Капидан“ (1981), темпера на картон, 85x55, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
58. Скица за балетот „Охридска легенда“ (1966/1969/1979), темпера на картон, 34x35, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

КОСТИМОГРАФСКИ СКИЦИ – БАЛЕТ И ОПЕРА

59. Костимографски скици на Ана Петрова за оперите „Трубадур“ (1951) и „Риголето“ (1952) и балетите „Половецки логор“ (1952), „Балерина и бандити“ (1953) и „Пепелашка“ (1953);
60. Костимографски скици на Мира Глишиќ за операта „Андре Шение“ (1956), балетот „Охридска легенда“ (1956), балетот „Штраусијада“ (1956) и операта „Самсон и Далила“ (1957), сопственост: Театарски музеј на МНТ;
61. Скица за реквизити на Василие Поповиќ - Цицо за драмата „Ученикот на ѓаволот“ (1952);
62. Костимографски скици на Ванда Павелиќ-Вајнерт за оперите „Боеми“ (1950) и „Орфеј и Евридика“ (1950) и костимографски скици на Владимир Жедрински за оперите „Грабнување од сарајот“ (1949) и „Продадена невеста“, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
63. Костимографски скици на Милица Бабиќ-Јовановиќ за балетот „Ѓавол на село“ (1955) и операта „Еро од оној свет“ (1953), сопственост: Театарски музеј на МНТ;
64. Сценографска скица на Бранко Костовски и костимографска скица на Јелена Патрногиќ за операта „Земја на насмевките“ (1962) и скица за костимот на Ана Липша-Тофовиќ, во улогата на Кармен во „Кармен“ (1951), автор: Мира Глишиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
65. Костимографски скици на Елена Дончева за операта „Севилскиот бербер“, (1998), операта „Лидија од Македонија“ (2012) и балетот „Оревокршачка“; сопственост: Театарски музеј на МНТ;
66. Костимографски скици на Лира Грабул за операта „Мадам Батерфлај“ (2006) и драмата „Рекламна бајка“ (1989); сопственост: Театарски музеј на МНТ;



Скица за костимот на Кирил Ќортошев во улога на Матвеј Семјонович Шабељски во „Иванов“ (1984), автор: Владимир Георгиевски

67. Сценографски скици на Василие Поповиќ - Цицо и костимографска скица на Мира Глишиќ за операта „Аида“ (1954).

ФОТОГРАФИИ ОД ТОМО ЛАЗОВСКИ

68. Сомнително лице (1945 /1982);
69. Чорбаџи Теодос (1945/1957/1965/1978);
70. Госпоѓа Министерка (1953);
71. Отело (1953);
72. Вештерките од Салем (1955);
73. Мажачка и женачка (1956);
74. Домот на Бернарда Алба (1956);
75. Филип и Јона (1956);
76. Нора (1957);
77. Веселиот сон (1957);
78. Глорија (1957);
79. Пикник (1958);
80. Дневникот на Ана Франк (1958);
81. Вејка на ветрот (1958);
82. Долго патување во ноќта (1959);
83. Игра на љубовта и случајот (1959);
84. Школо за озборување (1959);
85. Шума (1959);
86. Галеб (1960);
87. Откако има рај (1960);
88. Ѕвездите се вечни (1961);
89. Волпоне (1961);
90. Црнила (1961);
91. Пигмалион (1962);
92. Крвави свадби (1962);
93. Смртта на губернаторот (1962);
94. Швејк во Втората светска војна (1963);
95. Дом Цезар од Базан (1965);
96. Градскиот саат (1966);
97. Стапица за осум беспомошни жени (1966);
98. Матурска вечер (1966);
99. Случајот во Виши (1967);
100. Антигона (1967);
101. Хенри (1967);
102. Мајка (1968);
103. Венецијански близнаци (1968),
104. Вител (1968);
105. Бања (1968);
106. Образов (1969);
107. Дабот и ангорските зајаци (1969);
108. Чекор до есента (1969);
109. Печалбари (1969);
110. Електра (1970);

111. Три сестри (1970);
112. Венецијански трговец (1970).

ЛИЧНИ ПРЕДМЕТИ

113. Копир-апаратот на Томо Лазовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од семејството;
114. Фотографската опрема на Томо Лазовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од семејството;
115. Лични предмети на сценографите Томо Владимирски и Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
116. Дрвени боички, водени боички и визит карта на Василие Поповиќ – Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Гордана Поповиќ-Васиќ;
117. Пејзажен штафелај на Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Гордана Поповиќ-Васиќ.

КАРИКАТУРИ

118. Карикатура на Петре Богданов - Кочко (недатирано), хартиен колаж, 16x32, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Павлина Апостолова;
119. Карикатура на Тодор Скаловски (1954), темпера на картон, 31,5x21,5, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Денко Скаловски;
120. Карикатура на Даворин Жупанчич (1956), темпера, 34,5x21,5, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
121. Карикатура на Операта при МНТ (1949), темпера на картон, 53x41, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
122. Карикатура на Милка Ефтимова (недатирано), темпера, 22,5x33, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
123. Карикатура на Петре Богданов - Кочко (1957), темпера на картон, 29x25, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Павлина Апостолова;
124. Карикатура на Васка Биџова (недатирано), темпера на картон, 19x24, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
125. Карикатура на Данчо Митровски и Зина Креља (1952), темпера, 27,5x21,5, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
126. Карикатура на Данка и Живко Фирфови (1953), темпера, 30x23, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;



Портрет на Никола Мартиновски (1958), Миле Корубин

127. Карикатура на Томо Владимирски (1943), колаж, 29,7x19,7, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственик: Марина Владимирска, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;
128. Карикатура на Петре Прличко 1 (недатирано), темпера на картон, 18x24, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Нада Прличкова;
129. Карикатура на Петре Прличко 2 (1956), темпера на картон, 24x31, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Нада Прличкова;
130. Карикатура на Драмата при МНТ (1955), темпера на картон, 29x21, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
131. Автокарикатура (1955), темпера, 30x24, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ
132. Карикатура од драмата „Сомнително лице“ (1945), темпера, 64x50, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
133. Карикатура на Илија Милчин (1953), темпера, 35x21,2, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
134. Карикатура на Мери Бошкова (1953), темпера, 30x24, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
135. Карикатура на Иван Мазов (недатирано), темпера на картон, 32,5x24, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Лилјана Мазова;
136. Карикатура на Ристо Крле (1954), темпера на картон, 25x31, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Гордана Поповиќ-Васиќ;
137. Карикатура на Управниот одбор на МНТ (1954), темпера на картон, 38x49, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
138. Карикатура на Ацо Алексиев (1959), темпера, 37x33, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Гордана Поповиќ-Васиќ;
139. Карикатура на Венко Марковски (1954), темпера на картон, 31x25,5, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, откуп од Гордана Поповиќ- Васиќ;
140. Карикатура на Коле Чашуле (недатирано), темпера на картон, 16,5x12, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Јелена Лужина;
141. Карикатура на Димитар Ќостаров (1953), темпера, 34x23,5, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

Скица за костимот на Славица Петрова во улогата на Розина во „Севилскиот бербер“ (1998), костимограф: Елена Дончева



Скица за „Манде“ (1954), автор: Томо Владимирски



142. Карикатура на Стојмир Поповски (1955), темпера на картон, 27x35, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
143. Карикатура на Љупка Џундева (1969), темпера на картон, 22x30, автор: Дарко Марковиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
144. Карикатура на Љупка Џундева (недатирано), молив во боја на картон, 22x30, автор: Дарко Марковиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
145. Скица за костимот на Катина Иванова, во улогата на Маријана во драмата „Тартиф“ (1986), автор: Миодраг Табачки, сопст.: Театарски музеј на МНТ.

ПЛАКАТИ

146. Плакат за балетот „Охридска легенда“, (1969), автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
147. „Продадена невеста“, премиера: 29. 6. 1949 г., сопственост: Театарски музеј на МНТ;
148. „Смеењето не е грев“, премиера: 28. 5. 1964 г., сопственост: Театарски музеј на МНТ;
149. „Игралито срце јунаково“, премиера: 5. 4. 1964 г., сопственост: Театарски музеј на МНТ;
150. „Бегалка“ и „Кавалерија Рустикана“, репертоар за март 1948 г., сопственост: Театарски музеј на МНТ;
151. „Грабнување од сарајот“, премиера: 29. 3. 1949 г., сопственост: Театарски музеј на МНТ;
152. „Сомнително лице“, јубилејна претстава, 25 години на сцената на МНТ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
153. „Паљачи“ и „Како што милувате“, репертоар за ноември 1948 г., сопственост: Театарски музеј на МНТ;
154. „За тие на море“, премиера: 1949 г., сопственост: Театарски музеј на МНТ;
155. „Големиот брилијантен валцер“, 1986 г., автор: Владимир Георгиевски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
156. Плакат за драмата „Антица“, 1988 г., автор: Чедо Христов, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
157. Плакат за драмата „Славата и смртта на Хоаким Муарета“, 1976, автор: Глигор Чемерски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

КОСТИМОГРАФСКИ СКИЦИ ЗА ДРАМА

158. Скица за костимот на Добрила Пуцкова, во улогата на Евлапмија Николаевна-Кузавина во I, II и IV чин во драмата „Волци и овци“ (1950), темпера на хартија, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
159. Костимографски скици на Владимир Георгиевски за драмите „Кршалнига“ (1983) и „Иванов“ (1984), сопственост: Театарски музеј на МНТ;
160. Костимографски скици на Ѓорѓи Здравев за драмата „Време за пеење“ (1975), сопственост: Театарски музеј на МНТ;
161. Скица за костимот на Петре Прличко и Крум Стојанов, во улогата на Аполон Мурзавецки во „Волци и овци“ (1950), темпера на хартија, 29x40,5, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
162. Костимографски скици на Рада Петрова-Малкиќ за драмите „Швејк во Втората светска војна“ (1963), „Коломба“ (1965), „Фома“ (1972) и „Хеда Габлер“ (1976), сопственост: Театарски музеј на МНТ;
163. Костимографски скици на Рада Петрова-Малкиќ за драмите „Сериозен клиент“ (1959), „Три сестри“ (1970), „Животот на Галилеј“ (1972) и „Од многу ум“ (1974), сопственост: Театарски музеј на МНТ;
164. Скица за костимот на Добрила Чабриќ-Ивановска, во улогата на Глафина Алексеевна во I, II и IV чин во драмите „Волци и овци“ (1950), темпера на хартија, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
165. Костимографски скици на Елена Дончева за драмите „Милион маченици“ (1980) и „Ричард трети“ (1990), сопственост: Театарски музеј на МНТ;
166. Костимографски скици на Јелена Патрногиќ за драмите „Манде“ (1954), „Смртта на губернаторот“ (1962), „Покојник“ (1963) и „Скуп“ (1973), сопственост: Театарски музеј на МНТ.

СЦЕНОГРАФСКИ СКИЦИ – ДРАМА

167. Скица за драмите „Отепувачка“ (1970/1976) и „Коштана“ (1971), темпера на картон, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
168. Скица за драмата „Животот на Галилеј“ (1972), темпера на картон, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
169. Скица за драмата „Ѕидот, водата“ (1973), темпера на картон, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
170. Скица за драмата „Потоп“ (1974), темпера на картон, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;
171. Скица за драмата „Кенгурски скок“ (1979), темпера на картон, автор: Бранко Костовски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

КОСТИМИ

172. Костимот на Данка Фирфова, во улогата на Аида во „Аида“ (1954), автор: Мира Глишиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

173. Костимот на Георги Божиков, во улогата на Болен Дојчин во „Болен Дојчин“ (1983), автор: Елена Дончева, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

174. Машки костим во „Болен Дојчин“ (1983), автор: Елена Дончева, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

175. Костимот на Ана Дурловска, во улогата на Лидија во „Лилјакот“ (праизведба во 2005 г., обнова во 2012 г.), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарски музеј на МНТ;

176. Женски костимот во „Лилјакот“ (2006), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарски музеј на МНТ;

177. Костим на Катерина Митева во операта „Цар Самуил“ (2008), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ

178. Костим на Славица Огненовска во операта „Цар Самуил“ (2008), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ

179. Костим на Зоран Даскаловски во операта „Цар Самуил“ (2008), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ

180. Машки костим за операта „Цар Самуил“ (2008), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ

181. Женски костим за операта „Цар Самуил“ (2008), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ

182. Костимот на Весна Гиновска-Илковска и Ана Дурловска, во улогата на Лидија во „Лидија од Македонија“ (праизведба во 2005 г., обнова во 2012 г.), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарски музеј на МНТ;

183. Скица за костимот на Весна Гиновска-Илковска и Ана Дурловска, во улогата на Лидија во „Лидија од Македонија“ (праизведба 2005 г., обнова 2012 г.), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;

184. Женски костим во „Лидија од Македонија“ (праизведба во 2005 г., обнова во 2012 г.), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарски музеј на МНТ;

185. Костимот на Натка Пенушлиска-Митревска и Елпида Паковска, во улогата на Јулија во „Ромео и Јулија“ (1962), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

186. Костимот на примабалерината Натка Пенушлиска-Митревска, во улогата на Китри во „Дон Кихот“ (1972), автор: Јелена Патрногиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

187. Скица за костимот на Натка Пенушлиска-Митревска и Елпида Паковска, во улогата на Јулија во „Ромео и Јулија“ (1962), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

188. Костимот на Елпида Паковска, во улогата на Црниот лебед во „Лебедово езеро“ (1957), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

189. Скица за костим на Елпида Паковска, во улогата на Црниот лебед во „Лебедово езеро“ (1957), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

190. Костимот на Александра Мијалкова, во улогата на Јулија во „Ромео и Јулија“ (2007), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;

191. Костимот на Зоран Велевски, во улогата на Ромео во „Ромео и Јулија“ (1987), автор: Елена Дончева, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

192. Костимот на Зоица Пуровска-Велевска, во улогата на Јулија во „Ромео и Јулија“ (1987), автор: Елена Дончева, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

193. Костимот на Анита Чаволи, во улогата на Придружничката на Јулија во „Ромео и Јулија“ (2007), автор: Елена Дончева, отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;

194. Костимот на Владо Чанев, во улогата на Леополд Моцарт во „Златно Перо“, (1998), автор: Елена Дончева, сопственост: отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;

195. Костимот на Олег Мануковски, во улогата на В. А. Моцарт во „Златно Перо“ (1998), автор: Елена Дончева, сопственост: отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;

196. Женски костим за „Златно Перо“ (1998), автор: Елена Дончева, сопственост: отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;

197. Машки костим за „Златно Перо“ (1998), автор: Елена Дончева, сопственост: отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;

198. Костимот на актерката Мери Бошкова, во улогата на Живка во „Госпоѓа министерка“ (1983), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Ратка Минова;

199. Скица за костимот на актерката Мери Бошкова, во улогата на Живка во „Госпоѓа министерка“ (1983), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

200. Костимот на актерот Петре Прличко, во улогата на Јеротие Пантиќ во „Сомнително лице“ (1982), автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

201. Копија од цртеж од драмата „Сомнително лице“ (1945), водени боици на принт, 50x37, автор: Василие Поповиќ - Цицо, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

202. Костимот на актерот Илија Милчин, во улогата на Јулиј Цезар во „Јулиј Цезар“ (1982), автор: Дорис Кристиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

203. Костимот на актерот Ристо Шишков, во улогата на Спасе во „Македонска крвава свадба“ (1965), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

204. Оригинална македонска народна женска носија - костимот за Тодорка Кондова-Зафировска, во улогата на Цвета во „Македонска крвава свадба“ (1954), сопственост: Театарски музеј на МНТ;

205. Костимот на актерката Анче Џамбазова, во улогата на Ката во „Парите се отепувачка“ (1970), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

206. Костимот на актерот Ристо Шишков во „Суд“ (1978), автор: Рада Петрова-Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

207. Костимот на актерката Мери Бошкова, во улогата на Клара Заханасијан во „Посетата на старата дама“ (1990), автор: Владимир Георгиевски, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Ратка Минова;

208. Костимот на актерот Ристо Шишков, во улогата на Николај Алексеевич-Иванов во „Иванов“ (1984), автор: Владимир Георгиевски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

209. Скица за костимот на актерот Ристо Шишков, во улогата на Николај Алексеевич-Иванов во „Иванов“ (1984), автор: Владимир Георгиевски, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

210. Костимот на актерот Владимир Светиев, во улогата на Методија Роглев-Рогле во „Немушт јазик“ (2000), автор: Елена Дончева, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

211. Костимот на актерката Магдалена Ризова-Черних, во улогата на Касандра/Патрокле во „Троил и Кресида“ (1993), автор: Елена Дончева, сопственост: отстапено за изложување во Театарскиот музеј на МНТ;

212. Костимот на актерката Снежана Коневска–Руси, во улогата на Кралица Елизабета во „Театар љубов моја“ (1998), автор: Елена Дончева, сопственост: Театарски музеј на МНТ, донација од Снежана Конеска–Руси;

213. Костимот на актерот Никола Ристановски, во улогата на Доктор Фалус во „ММЕ кој прв почна“ (1997), автор: Ангелина Атлагиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

214. Костимот на Весна Петрушевска, во улогата на Мерлин во „Мерлин Монро, пак ли“ (2000), автор: Александар Ношпал, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

215. Костимот на Катина Иванова, во улогата на Амелија во „Погрижи се за Амелија“ (1984), автор: Рада Петрова–Малкиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

216. Костимот на Зоица Пуровска–Велевска, во улогата на белата жена - Европа во „Ад Апсурдум“ (1987), автор: Емилија Ковачевиќ, сопственост: Театарски музеј на МНТ;

217. Костимот на Зина Креља, во улогата на Виолета Валери во „Травијата“ (1948), автор: Василие Поповиќ – Цицо, реплика изработена од Тања Кокев, сопственост: Театарски музеј на МНТ;



Портрет на Ристо Шишков (недатирано), масло на платно, 45x37, автор: Коле Манев



Музеј на Македонскиот народен театар, Скопје

УМЕТНИЧКА ЗБИРКА НА МУЗЕЈОТ НА МНТ

Изложба по повод 70 години на Македонскиот народен театар

Македонски народен театар, 3 април – 20 јуни 2015 г.

Автор на изложбата: **Јелена Лужина**

Соработници: **Ивана Јарчевска, Катарина Блажевска, Јоана Шишкова**

Музејска поставка: **Јасминка Намичева**

Соработници: **Ангел Петровски, Љубица Велкова, Зоран Младеновски**

Каталогизација: **Ивана Јарчевска**

Посебна благодарност до **Елена Дончева**, доајенка на Македонската костимографија.

Уредник на каталогот: **Јелена Лужина**

Фотографии: **Кире Галевски**

Графичко обликување: **Горјан Донев**

Лектор: **Тодорка Балова**

Издавач:

Македонски народен театар, Скопје

За издавачот:

Дејан Лилиќ, директор на МНТ

мотив на предна корица: Димитар Кондовски, портрет на Петре Прличко, масло на платно, 1956 г.
мотив на задна корица: Фрагмент од лустерот на стариот театар, урнат по земјотресот 1963 г., сочуван од актерката Нада Гешовска

Македонски Народен Театар

